


# Monte 2019

Суво црвено вино добиено со винификација на внимателно одбрани гроздови од сортите Montepulciano (71%) и Vranec (29%) од сопствените насади на винаријата Камник, одлгледувани со особено внимание и редукција на родот.

Ова вино се карактеризира со длабока рубин црвена боја и интензивен мирис кој открива ароми на зрела капина и црна слива. Вкусот е полн и маркантен, со испреплетени тонови на капучино и какао, и долготраен послевкус. Меките сомотести танини и хармоничната свежина му овозможуваат на виното капацитет за неколкугодишно созревање.

Комбинирајте го ова вино со специјалитети од црвено месо, пате од гуска со слатко од кромид, или со одбрани сирења.

Препорачана температура на послужување: 13-15°C

**Алкохол**: 14% Vol.

**Полнето**: Април 2020